

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

# Содржина

1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ ............................ 5

2. ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА ..... 10

3. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ........................................................................ 13

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ .................................. 26

5. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2013 ГОДИНА ............................ 31

6. ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА ........................................................................................ 36

7. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ........................................................................................................................ 41

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 135 од Законот за Судски совет, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа.

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Советот, во текот на извештајниот период продолжи да се залага за современ и транспарентен судски систем кој се заснова на високите европски вредности, се со цел да ја подигне довербата на граѓаните во судските институции и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот носеше одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешувње на претседателите на судовите;
- да утврдува престанок на судиската функција;

- да избира и разрешува судии поротници;
- да ја следи и оценува работата на судиите;
- да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите;
- да утврдува престанок на судиска функција поради трајна неспособност за работа на судија;
- да одлучува за одземање на имунитет на судија;
- да одлучува по барање за одобрување на притвор на судија;
- да предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите;
- да одлучува за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција;
- да го утврдува бројот на потребните судиски места по судови;
- да ги интервјуира кандидатите за сите судови;
- да ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите;
- да го разгледува извештајот на Врховниот суд на Република Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите;
- да расправа за претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите на јавни седници;
- да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството;
- да поднесува извештај за својата работа и др.

Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Во текот на извештајната 2013 година, Судскиот совет одржа **25** седници, како и поголем број на работни состаноци кои предходеа на седниците.

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, Судскиот совет ќе продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка во однос на изборот и унапредување на судии според новите критериуми, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Судскиот совет и во текот на 2013 година изврши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Од страна на Судскиот совет во текот на извештајниот период беа избрани вкупно 29 судии во сите судови во Република Македонија, и тоа 12 судии се избрани во основните судови од кои 1 судија е од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители во Основен суд Скопје 2 Скопје.

Во основните судови во Република Македонија избрани се: во ОС Битола – 1 судија, ОС Гостивар – 2 судии, ОС Кичево – 1 судија, ОС Куманово – 1 судија, ОС Охрид – 1 судија, ОС Ресен – 1 судија, ОС Скопје 1 Скопје – 1 судија, ОС Скопје 2 Скопје – 3 судии и ОС Тетово – 1 судија.

Судскиот совет на РМ сметано од 01.01.2013 година, одлуките за огласување на упразнетите слободните судиски места во основните судови го вршеше согласно новите услови и критериуми утврдени со Законот за измена и дополнување на Законот за судови, само од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители.

Советот изврши избор и на вкупно 17 судии во повисоките судови, Апелационите судови,Управниот суд и Врховниот суд на РМ и тоа: во Врховниот суд на РМ – 3 судии, Управниот суд – 2 судии, АС Битола – 4 судии, АС Скопје – 7 судии и АС Штип – 1 судија.

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **3** |
| 2 | Управен суд на РМ | **2** |
| 3 | АС Битола | **4** |
| 4 | АС Скопје | **7** |
| 5 | АС Штип | **1** |
| 6 | ОС Битола | **1** |
| 7 | ОС Гостивар | **2** |
| 8 | ОС Кичево | **1** |
| 9 | ОС Куманово | **1** |
| 10 | ОС Охрид | **1** |
| 11 | ОС Ресен | **1** |
| 12 | ОС Скопје I Скопје | **1** |
| 13 | ОС Скопје II Скопје | **3** |
| 14 | ОС Тетово | **1** |
| | **Вкупно:** | **29** |

Во текот на 2013 година Судскиот совет исто така за дел од упразнетите судиски места во судовите според постоечката систематизација не изврши избор на судии во судовите туку ја искористи во со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така Судскиот совет донесе одлука за времено упатување на судии и тоа:

- Еден судија на ОС Крива Паланка и еден судија на ОС Кратово во ОС Скопје 2;
- Еден судија од ОС Радовиш во ОС Штип;
- Еден судија од ОС Радовиш времено е упатен во ОС Свети Николе;
- Еден судија од ОСБерово и еден судија од ОС Кочани во ОС Делчево;
- Еден судија од ОС Гевгелија во ОС Прилеп;
- Еден судија од ОС Куманово во ОС Кратово и
- Еден судија од ОС Прилеп во ОС Куманово.

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно со член 39 од Законот за судови, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност со што би било доведено во прашање тековното работење на судот, а најдолго за време од една година беа упатени судиите од судовите кои имаат помал обем на работа и во кои ажурноста на судот може да се постигне и со помал број на судии определен со одлуката на Советот.

При изборот на судиите, Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. Така од вкупно избраните судии од редот на Македонците се избрани 15 судии, од редот на Албанците се избрани 12 судии, од редот на Турците 1 судија како и еден судија од редот на Ромите. Во однос на половата застапеност 13 од избраните судии се мажи, а 16 жени.

| Избрани судии од Судски совет на РМ |
|---|

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонец | 15 | 51,72 |
| 2 | Албанеци | 12 | 41,38 |
| 3 | Турци | 1 | 3,45 |
| 4 | Роми | 1 | 3,45 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 13 | 44,83 |
| 2 | женски | 16 | 55,17 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 29 | |







Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2013 година се избрани вкупно 5 претседатели на судови врз основа на приложената програма за работа на судот во текот на мандатот за претседател. При изборот, Советот ја почитуваше законската обврска за претседател на суд да биде избран судија кој од редот на кандидатите во последните две години од страна на Советот е оценет со највисока позитивна оценка и најголем број бодови во однос на другите пријавени кандидати. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови: претседател на Управен суд Скопје, Основен суд Куманово, Основен суд Крушево, Основен суд Ресен и Основен суд Тетово. Од избраните претседатели 2 се Македонци, 3 се Албанци, од нив 2 се мажи и 3 се жени.

## Избрани претседатели на судови од Судски совет на РМ

| | Вкупно | % |
|---|---|---|
| **Националност** | | |
| Македонец | 2 | 40 |
| Албанец | 3 | 60 |
| **Пол** | | |
| машки | 2 | 40 |
| женски | 3 | 60 |
| | | |
| **Вкупно избрани:** | 5 | |







Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија од 13.11.2013 година е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, а по претходно прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 1400 судии поротници.

Судскиот совет на Република Македонија врши изборот и разрешувањето на судиите поротници по доставена предлог листа на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2013 година со одлуки на Советот се избрани вкупно 952 судии поротници и тоа во Апелациониот суд Битола се избрани 88 судии поротници, во Апелациониот суд Скопје се избрани 82 судии поротници, во Основниот суд Битола се избрани 193 судии поротници, во Основниот суд Кочани се избрани 35 судии поротници, во Основниот суд Штип се избрани 36 судии поротници, во Основниот суд Крива Паланка се избрани 29 судии поротници, во Основниот суд Кавадарци се избрани 17 судии поротници, во Основниот суд Кратово се избрани 11 судии поротници, во Основниот суд Тетово се избрани 15 судии поротници, во Основниот суд Делчево се избрани 15 судии поротници, во Основниот суд Куманово се избрани 95 судии поротници, во Основниот суд Ресен се избрани 29 судии поротници, во Основниот суд Свети Николе се избрани 22 судии поротници, во Основниот суд Неготино се избрани 22 судии поротници, во Основниот суд Гостивар се избрани 22 судии поротници, во Основниот суд

Гевгелија се избрани 9 судии поротници, во Основниот суд Виница се избрани 12 судии поротници, во Основниот суд Берово се избрани 36 судии поротници, во Основниот суд Охрид се избрани 116 судии поротници, во Основниот суд Кичево се избрани 50 судии поротници, во Основниот суд Струга се избрани 18 судии поротници. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Истовремено Судскиот совет донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник и тоа во 91 случаи поради истекот на мандатот, а само во 8 случаи по сопствено барање на судијата поротник.

# ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција.

Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на судија во вршењето на судиската функција, пред Судскиот совет се водат согласно со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кои е уредена оваа постапка.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, освен во случаи кога по барање на самиот судија против кого е поведена постапката, Советот носи одлука и дозволува присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Постапките за утврдување одговорност на судија во вршење на судиската функција се поведува по барање на член на Советот, претседател на судот, претседател на повисокиот суд или општа седница на Врховниот суд на Република Македонија. Рокот за поднесување на барањата кај дисциплинските постапки изнесува шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда но не подолго од три годиниод денот на сторувањето на повредата а кај постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција во рок од една година од денот на осознавањето на сторената повреда .

Во текот на 2013 година поднесени се 4 барања за поведување постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, поднесени од старна на претседателите на судовите како овластени предлагачи и тоа против:

- Судија на ОС Кочани поради основано сомнение за сторена повреда по член 75 ст.1 алинеја 2 од Законот за судови, несовесно, ненавремено и немарно вршење на судиската функција во водењето на судската постапка по одделни предмети .

- Судија на ОС Радовиш поради основано сомнение за сторена повреда по член 75 ст.1 алинеја 2 од Законот за судови, несовесно, ненавремено и немарно вршење на судиската функција во водењето на судската постапка по одделни предмети.

- Судија на ОС Гостивар поради основано сомнение за сторена повреда по член 75 став 1 алинеја 2 и 3 од Законот за судовите несовесно, ненавремено и немарно вршење на судиската функција и пристрасно водењето на судската постапка по одделни предмети .

- Судија на ОС Радовиш поради основано сомнение за сторена повреда по член 75 став 1 алинеја 2 и 4 од Законот за судовите, несовесно, ненавремено и немарно вршење на судиската функција и спротивно на начелото за судење во разумен рок во водењето на судската постапка по одделни предмети.

Судскиот совет на Република Македонија по повод поднесените барања одржа седница на која донесе одлуки дека ваквите барања се навремени, целосни и дозволени. За секое поднесено барање согласно законот формирани се Комисии за испитување на основаноста на наводите изнесени во барањата за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, во состав од претседател и четири члена на Судскиот совет.

Комисиите за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција,и во текот на 2014 година ја продолжија постапката со прибавување на податоци и докази од интерес за правилно утврдување на состојбата околу одговорноста на судиите, се до поднесување на Извештај со предлог одлука за основаноста на барањата до Советот.

Исто така во текот на 2013 година од страна на Жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија, потврдена е одлука на Судскиот советот на Република Македонија за разрешување на судија на Основниот суд Велес поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, донесена во текот на 2012 година, а по изјавена жалаба од страна на судијата.

Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија во 2013 година еден судија на Основниот суд Велес е одалечен од вршење на судиската функција додека се наоѓа во притвор определен со одлука на истражен судија, поради основано сомнение за сторени кривични дела.

Во текот на 2013 година од страна на Судскиот совет се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи предвидени со закон и тоа:

- на 23 судии е констатиран престанок на судиската функција поради навршени 64 години.
- за 4 судии е утврден престанок на судиската функција поради смрт.
- за 1 судија е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање поради трајно загубена способност за вршење на судиската функција.



## ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Судскиот совет, согласно со член 31 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите, а со тоа и работата на судовите.

Во рамките на следење и оценување на работата на судиите и судовите Судскиот совет на Република Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работата на судовите во Република Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Македонија за 2013 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од предходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2013 година.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 2231 | 3765 | 5996 | 4265 | 1731 | 500 |
| 2 | Виш управен суд | 41 | 2686 | 2727 | 2640 | 87 | -46 |
| 3 | Управен суд на РМ | 14228 | 12777 | 27005 | 14544 | 12461 | 1767 |
| | Апелациони судови | | | | | | |
| 1 | АС Битола | 1037 | 9135 | 10172 | 9448 | 724 | 313 |
| 2 | АС Гостивар | 884 | 6562 | 7446 | 6914 | 532 | 352 |
| 3 | АС Скопје | 3937 | 18649 | 22586 | 18957 | 3629 | 308 |
| 4 | АС Штип | 143 | 6024 | 6167 | 6054 | 113 | 30 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 6799 | 24021 | 30820 | 23950 | 6870 | -71 |
| 2 | ОС Крушево | 374 | 1942 | 2316 | 2001 | 315 | 59 |
| 3 | ОС Охрид | 5842 | 21839 | 27681 | 19899 | 7782 | -1940 |
| 4 | ОС Прилеп | 6362 | 21733 | 28095 | 21340 | 6755 | -393 |
| 5 | ОС Ресен | 379 | 2924 | 3303 | 2947 | 356 | 23 |
| 6 | ОС Струга | 4857 | 12393 | 17250 | 14290 | 2960 | 1897 |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 10944 | 34371 | 45315 | 35554 | 9761 | 1183 |
| 2 | ОС Дебар | 717 | 2250 | 2967 | 2471 | 496 | 221 |
| 3 | ОС Кичево | 1185 | 13588 | 14773 | 13610 | 1163 | 22 |
| 4 | ОС Тетово | 7060 | 19579 | 26639 | 20355 | 6284 | 776 |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 3150 | 14458 | 17608 | 14712 | 2896 | 254 |
| 2 | ОС Гевгелија | 747 | 9224 | 9971 | 9342 | 629 | 118 |
| 3 | ОС Кавадарци | 1876 | 8568 | 10444 | 8764 | 1680 | 196 |
| 4 | ОС Кратово | 177 | 1854 | 2031 | 1862 | 169 | 8 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 665 | 4629 | 5294 | 4673 | 621 | 44 |
| 6 | ОС Куманово | 12974 | 33201 | 46175 | 34260 | 11915 | 1059 |
| 7 | ОС Неготино | 2255 | 7119 | 9374 | 7364 | 2010 | 245 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 56983 | 78288 | 135271 | 86081 | 49190 | 7793 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 40272 | 34366 | 74638 | 38159 | 36479 | 3793 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 354 | 3754 | 4108 | 3874 | 234 | 120 |
| 2 | ОС Виница | 446 | 4623 | 5069 | 4730 | 339 | 107 |
| 3 | ОС Делчево | 765 | 5010 | 5775 | 5125 | 650 | 115 |
| 4 | ОС Кочани | 1761 | 12876 | 14637 | 13097 | 1540 | 221 |
| 5 | ОС Радовиш | 506 | 8354 | 8860 | 8499 | 361 | 145 |
| 6 | ОС Св. Николе | 817 | 5155 | 5972 | 5223 | 749 | 68 |
| 7 | ОС Струмица | 4436 | 23075 | 27511 | 23264 | 4247 | 189 |
| 8 | ОС Штип | 2603 | 14639 | 17242 | 14252 | 2990 | -387 |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 197807 | 483431 | 681238 | 502520 | 178718 | 19089 |

Од презентираниот табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Судскиот совет на Република Македонија го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Македонија** во 2013 година остварил ефикасност и ажурност во решавањето на предметите, така што го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 500 предмети.

**Вишиот управен суд** во 2013 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети, така што го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 46 предмети, па се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Управниот суд** во 2013 година го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1.767 предмети, со што во 2013 година постапувал како ефикасен и ажурен суд.

## Апелационо подрачје Битола

**Апелационен суд Битола** во 2013 година успеал да го реши приливот на новите предмети и да го намали заостатокот за 313 предмети, со што истиот се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основен суд Битола** не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети во 2013 година и со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 71 предмет, така што се оценува како неефикасен и неажурен суд. Неажурноста на овој суд се должи на несовладаниот прилив на 2.042 оставински предмети, кои се дадени на работа кај нотарите, а нотарите успеале да решат само 1.450 предмети.

**Основниот суд Крушево** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 59 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1.897 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 23 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2013 година не успеал да го совлада приливот и со тоа го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 393 предмети, поради што се оценува како неефикасен и неажурен суд. Основна причина за неажурноста на овој суд е значително зголемен број на новопримени и тоа 4.178 предмети повеќе од предходниот период. Според видот на предметите најголем број на предмети, каде што приливот не е совладан, се кривични предмети и тоа за извршување на санкции.

**Основен суд Охрид** во 2013 година не успеал да го совлада приливот и го зголемил заостатокот за 1.940 предмети, поради што се оценува како неефикасен и неажурен суд. Причина за неажурноста е зголемување на приливот на предмети за 8.267 во споредба со предходниот период. При тоа судот успеал да реши во 2013 година повеќе за 6.640 предмети, меѓутоа сепак не успеал да го совлада големиот прилив на предмети. Според видот на примените предмети најголем дел на зголемениот прилив отпаѓа на граѓански предмети од областа на имотните спорови, облигационите односи, сопственост и оставински предмети.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2013 година, годината ја започнале со нерешени 25.650 предмети, со новопримени 94.061 предмети, во работа имале фонд на предмети од 119.637 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2013 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 93.875 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола во целина не успеале да го решат приливот и со тоа заостатокот е зголемен за 112 предмети во однос на нерешените предмети од предходната година.

Причина за неажурноста на апелационото подрачје е големиот прилив на нови предмети, така што вкупно биле примени 94.061 премети, а решени се вкупно 93.875 предмети, па иако судовите го зголемиле бројот на решени предмети од предходниот период, сепак поради големиот прилив на нови предмети ова подрачје е неажурно.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 253 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1.153 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 760 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 10 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 199 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2013 година го совладале приливот и го намалиле заостатокот на нерешени предмети за 2.476 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како ажурно и ефикасно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2013 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 20.790 предмети. Во текот на годината примиле 76.389 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 97.140 предмети, од кои судиите решиле 78.904 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 12.236 нерешени предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

**Апелационен суд Скопје** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 285 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Скопје 1 Скопје** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 6.576 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Скопје 2 Скопје** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 3.793 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1.059 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 254 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 254 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 196 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 254 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 44 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 8 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2013 година, годината ја започнале со нерешени 119.099 предмети, со новопримени 191.878 предмети, во работа имале фонд на предмети од 310.806 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2013 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 205.217 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2013 година на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во судовите останале вкупно нерешени 106.806 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во целина успеале да го решат приливот и со тоа да се намали заостатокот за 12.293 предмети во однос на нерешените предмети на 01.01.2013 година, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 29 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 173 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2013 година не успеал да го совлада приливот и го зголемил заостатокот на нерешени предмети за 393 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд. Ова се должи на зголемениот прилив на нови предмети и тоа повеќе за 2.193 предмети од предходниот период. Според видот на несовладаниот прилив може да се констатира дека приливот не е совладан ниту во кривичниот, ниту во граѓанскиот оддел за приближно еднаков број на предмети.

**Основниот суд Кочани** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 218 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Свети Николе** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 62 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 145 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 119 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 114 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2013 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 107 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци на подрачјето на Апелациониот суд Штип, судовите во целина успеале да го решат приливот и да го намалат заостатокот за 549 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

Судовите на ова подрачје во 2013 година, годината ја започнале со нерешени 11.688 предмети, со новопримени 77.519 предмети, а во работа имале фонд на предмети од 89.174 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2013 година, судовите успеале да решат вкупно 78.064 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2013 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 11.110 предмети.

**Од горе изнесената состојба за работата на судовите за 2013 година, произлегува дека:**

Во Република Македонија, во сите судови, на 01.01.2013 година затекнати се нерешени 197.807 предмети, примени се 483.431 нови предмети, вкупно предмети во работа имало 681.238, вкупно се решени 502.520 предмети, така да на 31.12.2013 година останале нерешени 178.718 предмети. Ова значи дека на ниво на државата во целина судовите работеле ефикасно и ажурно, со оглед да успеале да го совладаат приливот на новопримените предмети и да го намалат заостатокот за 19.089 предмети.

Според претходно дадените податоци, по апелационите подрачја, во 2013 година, најмногу новопримени предмети, предмети во работа и решени предмети, имало на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, а најмалку, по сите категории, во подрачјето на Апелациониот суд Штип.

Според евиденцијата на пополнетите судиски места и бројот на активните судии, се констатира дека во 2013 година вкупно во Република Македонија постапувале 655 судии.

Овој позитивен ефект во судството во РМ се должи и на зголемената ангажираност на судиите и целокупниот судски кадар, подобрените услови во судовите, поголемата примена на информатичката технологија, новите законски решенија во делот на процесното и материјалното право, кои предвидуваат скратување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на судовите, воведување на case management во судовите, тонското снимање на рочиштата и други бројни активности, а сето ова во правец на реформски процеси во судството. За ваквата состојба свој придонес има и Судскиот совет со новата улога и надлежности што ги доби со измената на процесните закони, особено во делот на методологијата за следење и оценка на работата на судиите и судовите, на кој начин се придонесува за нивен поголем ангажман, а со тоа и ажурност во работењето.

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2013 година продолжија активностите за спроведување на Методологијата за судска статистика со цел овозможување на побрзо и поквалитетно собирање и анализа на податоци за правосудството. Во Судскиот Совет во функција е апликацијата за Судска статистика која овозможува генерирање на единствени статистички податоци за правосудството во Република Македонија согласно утврдента Методологија за судска статистика.

Во делот на следењето на работата на судовте и судиите како една од основните и најзначајните активности на Судскиот совет на РМ во рамките на надлежноста утврдена со закон е да ја следи и ја оценува работата на судиите и претседателите на судовите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврденени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание. оценувањето на работата на судиите се врши врз основа на вкупните резултати на работата на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршење на функицијата утврдени со Законот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), се пропиша постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Имено со законот прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Судскиот совет во рамките на својата надлежност да ја следи и оценува работата на судиите, на почетокот на годината со одлука го определи ориентациониот број на минимум предмети што треба да ги реши судијата месечно во основните, апелационите, Вишиот управен суд, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија за 2013 година. Судскиот совет вршеше континуирано годишно следење на работата на судиите и претседателите на судовите преку податоците содржани во унифицираниот Образец за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите. Образецот ги содржи податоците и информациите за работа на судијата и претседателот на судот кој се пополнуваат еднаш месечно, согласно критериумите за работењето на судијата утврдени со закон.

Судскиот совет на Република Македонија пристапи кон оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2013 година со донесување одлука на седницата одржана на 06.03.2014 година со која се формираа комисии од редот на членовите на Советот, за оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2013 година за четирите апелациони подрачја, вклучувајќи го и Вишиот управен суд, Управниот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

На 178-та седница на Судскиот совет на РМ одржана на 22.04.2014 година, Советот го започнаа годишното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во Република Македонија за 2013 година. Оценувањето се вршеше по азбучен ред по апелационите подрачја.

Следењето и оценувањето на работата на судиите и претседателите на судовите го врши Советот по предходно даден предлог на трочлената Комисија за оценување на работат на судиите, формирана од редот на членови на Советот. За секој судија одделно Комисјата пред Советот поднесува Извештај со предлог оценка, подготвена врз основа на податоците содржани во предлог мислења доставени од страна на Комисиите формирани во судот во кој оценуваниот судија ја извршува судиската функција, во состав од претседател и двајца судии како и врз

основа на информациите и податоците содржани во Образецот за оценка на работата на судијата.

Судскиот совет одлуките за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите ги носеше на неколку одделни седници одлучувајќи по претходно дадениот предлог од трichлената комисија, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот согласно со одредбите од член 98 до 129 Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија “ број 150/2010).

Како резултат на спроведеното оценување, од страна на Судскиот совет на РМ се донесени одлуки за оценка на работата на 616 од вкупниот број судии во Република Македонија за 2013 година, со следните резултати:

**Во Апелациониот суд Битола и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Битола** оценети се вкупно 107 судии со следните оценки: во Апелациониот суд Битола оценети се вкупно 21 судии и сите се оценети со оценки „многу добар“; во Основниот суд Битола оценети се вкупно 26 судии од кои 19 со оценка „многу добар“, 6 со оценка „добар“ и 1 со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Крушево оценети се вкупно 3 судии од кои 2 со оценка „добар“ и 1 со оценка задоволителен; во Основниот суд Охрид оценети се вкупно 18 судии од кои 16 со оценка „многу добар“, 1 со оценка „добар“ и 1 со оценка „незадоволителен; во Основниот суд Прилеп од вкупно 19 оценети судии, 18 се со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; во Основниот суд Ресен оценети се 4 судии и тоа 1 со оценка „многу добар“, 2 со оценка „добар“ и 1 судија е оценет со оценка „задоволителен“ и во Основниот суд Струга од вкупно 16 оценети судии, 9 се со оценка „многу добар“, 5 со оценка „добар“ и 2 со оценка „задоволителен“.

**Во Апелациониот суд Гостивар и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар** се оценети вкупно 81 судија и тоа во Апелациониот суд Гостивар 16 судии и сите се оценети со оценка „многу добар“; Основниот суд Гостивар 22 судии од кои 13 со оценка „многу добар“,7 со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“ и 1 со оценка „незадоволителен“; Основниот суд Дебар 5 судии, од кои 2 со оценка „добар“ и 3 со оценка „задоволителен“; Основниот суд Кичево 12 судии, од кои 5 со оценка „многу добар“, 5 со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“ и 1 со оценка „незадоволителен“ и Основен суд Тетово 26 судии од кои 13 со оценка „многу добар“, 12 судии со оценка „добар“ и 1 судија е оценет со оценка „задоволителен“.

**Во Апелациониот суд Скопје и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Скопје** оценети се вкупно 276 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Скопје од вкупно 43 оценети судии сите се со оценка „многу добар“; во Основниот суд Скопје 1 Скопје од 64 оценети судии, 44 се со оценка „многу добар“, 10 со оценка „добар“, 1 со оценка „задоволителен“ и 9 со оценка „незадоволителен“; во Основниот суд Скопје 2 Скопје оценети се вкупно 76 судии од нив 53 со оценка „многу добар“, 22 со оценка „добар“ и 1 со оценка„задоволителен“; во Основниот суд Велес од 17 судии, 14 се со оценка „многу добар“ и 3 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Гевгелија од 13 судии, 8 судии со оценка „многу добар“ и 5 судии со оценка „добар“; Основниот суд Кавадарци од 14 судии, 8 се оценети со оценка „многу добар“ и 6 со оценка „добар“; во Основниот суд Кратово од 2 судии, 1 се оценет со оценка „многу добар“ и 1 со оценка „добар“; во Основниот суд Крива Паланка од 5 судии, 4 се оценети со оценка „многу добар“ и 1 судија со оценка „добар“; во Основниот суд Куманово од 36 судии, 19 се оценети со оценка „многу добар“, 14 судии со оценка „добар“, 2 со оценка „задоволителен“ и 1 со оценка „незадоволителен“, во Основниот суд Неготино од 6 судии и сите се оценети со оценка „многу добар“.

**Во Апелациониот суд Штип и основните судови на подрачје на Апелациониот суд Штип** оценети се вкупно 95 судии со следните резултати: во Апелациониот суд Штип оценети се вкупно 16 судии, сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Берово 4 судии сите се оценети со оценка „многу добар“; во Основниот суд Виница 3 судии сите со оценка „многу добар“, во Основниот суд Делчево 6 судии, од кои 4 со оценка „многу добар“ и 2 судиии со оценка „добар“; во Основниот суд Кочани 12 судии, од кои 9 со оценка „многу добар“, 2 судии со оценка „добар“ и 1 судија со оценка „задоволителен“; во Основниот суд Радовиш 7 судии, од кои 6 со оценка „многу добар“ и 1 судии со оценка „добар“; во Основниот суд Свети Николе 5 судии сите со оценка „многу добар“; во Основниот суд Струмица од 20 оценети судии, 13 се со оценка „многу добар“ и 7 со оценка „добар“ и во Основниот суд Штип оценети се вкупно 22 судија од кои 12 со оценка „многу добар“, 6 со оценка „добар“ и 4 со оценка „задоволителен“.

Исто така, од страна на Судскиот совет на РМ беше спроведено и оценување на работата на судиите на **Врховниот суд на РМ**, каде беа оценети вкупно 20 судии, од кои 18 со оценка „многу добар“ и 2 судии со оценка „добар“; во **Управниот суд** во кој од вкупно 27 оценети судии сите се со оценка „многу добар“; во **Вишиот управен суд** се оценети 10 судии од кои 9 се со оценка „ добар„ и 1 судија е оценет со оценка „задоволителен“.

Од резултатите добиени од спроведеното оценување на работата на судиите во РМ за 2013 година произлегува дека вкупно се оценети 616

судии, од нив 448 се оценети со оценка „многу добар“ или 72,73 %, 134 се оценети со оценка „добар“ или 21,75 %, 21 се оценети со оценка „задоволителен“ или 3,41 % и 13 се оценети со оценка „незадоволителен“, односно 2,11 %. Од оваа произлегува дека 97,89 % од судиите се оценети со позитивна оценка или постигнале резултати согласно квантитативните и квалитативните критериуми за работењето и останатите мерила утврдени со Закон.

**ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

| рб | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволителен | % | Незадоволителен | % | Вкупно оценети | Вкупно места по систематизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 18 | 90,00 | 2 | 10,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 20 | 25 |
| 2 | Виш управен суд | 0 | 0,00 | 9 | 90,00 | 1 | 10,00 | 0 | 0,00 | 10 | 15 |
| 3 | Управен суд | 27 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 27 | 33 |
| | Апелациони судови | | | | | | | | | | |
| 4 | АС Битола | 21 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 21 | 27 |
| 5 | АС Гостивар | 16 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 15 |
| 6 | АС Скопје | 43 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 43 | 52 |
| 7 | АС Штип | 16 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 19 |
| | Вкупно: | 96 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 96 | 113 |
| | Основни судови Скопје I и II | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Скопје I Скопје | 44 | 68,75 | 10 | 15,63 | 1 | 1,56 | 9 | 14,06 | 64 | 73 |
| 2 | ОС Скопје II Скопје | 53 | 69,74 | 22 | 28,95 | 1 | 1,32 | 0 | 0,00 | 76 | 83 |
| | Вкупно: | 97 | 69,29 | 32 | 22,86 | 2 | 1,43 | 9 | 6,43 | 140 | 156 |
| | АС БИТОЛА - Основни судови | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 19 | 73,08 | 6 | 23,08 | 1 | 3,85 | 0 | 0,00 | 26 | 28 |
| 2 | ОС Крушево | 0 | 0,00 | 2 | 66,67 | 1 | 33,33 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 3 | ОС Охрид | 16 | 88,89 | 1 | 5,56 | 0 | 0,00 | 1 | 5,56 | 18 | 20 |
| 4 | ОС Прилеп | 18 | 94,74 | 1 | 5,26 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 19 | 24 |
| 5 | ОС Ресен | 1 | 25,00 | 2 | 50,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 6 | ОС Струга | 9 | 56,25 | 5 | 31,25 | 2 | 12,50 | 0 | 0,00 | 16 | 17 |
| | Вкупно: | 63 | 73,26 | 17 | 19,77 | 5 | 5,81 | 1 | 1,16 | 86 | 99 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 13 | 59,09 | 7 | 31,82 | 1 | 4,55 | 1 | 4,55 | 22 | 22 |
| 2 | ОС Дебар | 0 | 0,00 | 2 | 40,00 | 3 | 60,00 | 0 | 0,00 | 5 | 7 |
| 3 | ОС Кичево | 5 | 41,67 | 5 | 41,67 | 1 | 8,33 | 1 | 8,33 | 12 | 16 |
| 4 | ОС Тетово | 13 | 50,00 | 12 | 46,15 | 1 | 3,85 | 0 | 0,00 | 26 | 29 |
| | Вкупно: | 31 | 47,69 | 26 | 40,00 | 6 | 9,23 | 2 | 3,08 | 65 | 74 |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 14 | 82,35 | 3 | 17,65 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 17 | 22 |
| 2 | ОС Гевгелија | 8 | 61,54 | 5 | 38,46 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 18 |
| 3 | ОС Кавадарци | 8 | 57,14 | 6 | 42,86 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14 | 18 |
| 4 | ОС Кратово | 1 | 50,00 | 1 | 50,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 5 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 4 | 80,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 9 |
| 6 | ОС Куманово | 19 | 52,78 | 14 | 38,89 | 2 | 5,56 | 1 | 2,78 | 36 | 37 |
| 7 | ОС Неготино | 6 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 7 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 44 | 68,75 | 10 | 15,63 | 1 | 1,56 | 9 | 14,06 | 64 | 73 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 53 | 69,74 | 22 | 28,95 | 1 | 1,32 | 0 | 0,00 | 76 | 83 |
| | Вкупно: | 157 | 67,38 | 62 | 26,61 | 4 | 1,72 | 10 | 4,29 | 233 | 272 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 4 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 6 |
| 2 | ОС Виница | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 5 |
| 3 | ОС Делчево | 4 | 66,67 | 2 | 33,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 6 |
| 4 | ОС Кочани | 9 | 75,00 | 2 | 16,67 | 1 | 8,33 | 0 | 0,00 | 12 | 16 |
| 5 | ОС Радовиш | 6 | 85,71 | 1 | 14,29 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 7 | 11 |
| 6 | ОС Св. Николе | 5 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 7 | ОС Струмица | 13 | 65,00 | 7 | 35,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 20 | 26 |
| 8 | ОС Штип | 12 | 54,55 | 6 | 27,27 | 4 | 18,18 | 0 | 0,00 | 22 | 25 |
| | Вкупно: | 56 | 70,89 | 18 | 22,78 | 5 | 6,33 | 0 | 0,00 | 79 | 101 |

**Вкупно за судови на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 448 | 72,73 | 134 | 21,75 | 21 | 3,41 | 13 | 2,11 | 616 | 732 |

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Судскиот совет на Република Македонија по претставките и поплаките на граќаните и правните лица постапува согласно член 3 став 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија во кој се предвидува дека Советот најмалку еднаш месечно расправа поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, со што е зголемена на транспарентноста и отчетноста во работењето на Советот со оглед дека согласно со законот овие седници се јавни.

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ“ бр. 82/2008) и Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ„ бр. 2/2009), по поднесените претставки од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, а согласно со надлежноста на Судскиот совет на Република Македонија, членовите на Судскиот совет на Република Македонија постапуваат во соработка со државните советници во Советот.

Во текот на 2013 година Судскиот совет на Република Македонија постапувал по вкупно 1363 претставки од кои затечени се 315 претставки, новопримени биле 1048 претставки, а биле решени вкупно 874 претставки или во работа останале како нерешени 489 претставки.



Советот објективно, неселективно и ажурно постапува по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа. Пред да се пристапи кон реферирање на претставката на седница на Советот, врз основа на наводите во претставката, се вршат извиди при што се прибавуват и изјави од судиите, претседателите на судовите а по потреба се врши увид и во судскиот предмет на кој се однесува претставката.

Седниците на Судскиот совет на кои се расправа по представките се јавни. Судскиот совет редовно на својата web страна објавува известување за денот и часот на одржување на седницата и бројот на претставката која ќе биде реферирана. Со тоа се известуваат сите заинтересираните подносители на претставките, дека може да присуствуваат на седниците и да ја следеа расправата по претставките, со што се зголемува отчетноста и транспарентноста во работењето на Советот.

Во текот на 2013 година Судскиот совет одржа вкупно 10 седници на кои се расправаше по вкупно 1061 претставките и поплаките на граѓаните и правните лице за работата на судиите и судовите во Република Македонија. Врз основа на извршените извиди и прибавените податоци, Советот на седница расправа за основаноста или за неоснованоста на претставката.

Од спроведените анализи на наводите како основ за поднесување на претставките, произлезе дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите очекуваат Судскиот совет да ја преиначи веќе донесента одлука на судот или да утврди друга фактичка состојба поинаква од онаа што ја утврдил судот.

Во дел од претставки се укажува на незадоволство од работењето на судот поради одолговлекување на постапката пред судот, случаи кога не се почитувани со закон предвидените рокови за преземање на процесните дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Исто така подносителите на претставките сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети не го примениле правилно законот, односно сториле повреда на процесниот и материјалниот закон со што покажале нестручност и несовесност во вршењето на судиската функција.

Од вкупно 1061 претставки по кои Советот на седница расправал, најде дека само во 41 претставки наводите се основани и тоа во 19 предмети поради непочитување на законските рокови а во 25 случаи

поради погрешна примена на материјалното право или повреда на процесниот закон.

Во случите кога Судскиот совет ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката, но и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата се води евиденција и се следи работата на судијата, со што ваквото негово постапување може да биде основ Советот да иницира постапка за утврдување одговорност на судијата заради нестручно и несовесно вршењето на судиската функција.

Во останатите 1020 расправени претставки, наводите се оценети како жалбени наводи, со што Советот утврди дека претставките се неосновани. Во случаји кога се констатира неоснованост на претставката се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека судската одлука може да се менува или укинува единствено од надлежен суд, во постапка пропишана со закон, по евентуален правен лек.

Исто така од извршената анализа на поднесените претставки може да се констатира дека тие се однесуваат на работата на судиите како во основните така и на судиите на повисоките судови, апелационите, управните, па и на работата на судиите на Врховниот суд на РМ.

Број на претставки по судови:

| Р.бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 14 |
| 2 | ОС Битола | 54 |
| 3 | ОС Велес | 49 |
| 4 | ОС Виница | 6 |
| 5 | ОС Гевгелија | 19 |
| 6 | ОС Гостивар | 57 |
| 7 | ОС Дебар | 4 |
| 8 | ОС Делчево | 5 |
| 9 | ОС Кавадарци | 17 |
| 10 | ОС Кичево | 18 |
| 11 | ОС Кочани | 35 |
| 12 | ОС Кратово | 7 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 6 |
| 14 | ОС Крушево | 5 |
| 15 | ОС Куманово | 71 |
| 16 | ОС Неготино | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| **17** | **ОС Охрид** | **40** |
| **18** | **ОС Прилеп** | **22** |
| **19** | **ОС Радовиш** | **15** |
| **20** | **ОС Ресен** | **6** |
| **21** | **ОС Св. Николе** | **4** |
| **22** | **ОС Скопје 1** | **97** |
| **23** | **ОС Скопје 2** | **218** |
| **24** | **ОС Струга** | **16** |
| **25** | **ОС Струмица** | **36** |
| **26** | **ОС Тетово** | **38** |
| **27** | **ОС Штип** | **31** |
| **28** | **АС Битола** | **91** |
| **29** | **АС Гостивар** | **59** |
| **30** | **АС Скопје** | **121** |
| **31** | **АС Штип** | **49** |
| **32** | **Врховен суд на РМ** | **43** |
| **33** | **Управен суд** | **32** |
| **34** | **Виш управен суд** | **10** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **1301** |

Од анализата на претставките поднесени по судови презентирани во горенаведената табела произлегува дека најголем број на представки, вкупно 611 се однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје. Секако, ваквата состојба е како резултат на тоа што ова апелационо подрачје е со најголем број судии кои постапуваат како и најголем број на судски предмети во работа.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани, сојузи, адвокати и сл. Советот постапувше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда. Исто така Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност.

| **1. Физички лица** | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **937** |

| **2. Правни лица** | |
|---|---|
| АД | **22** |
| ДОО | **28** |

| | |
|---|---|
| ДООЕЛ | **43** |
| ЈП | **0** |
| Други | **1** |
| **Вкупно:** | **94** |

| **3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани** | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **4** |

| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
|---|---|
| Агенции при Влада на РМ | **3** |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | **3** |
| Јавно обвинителство | **2** |
| Министерство за правда | **44** |
| Народен правобранител | **0** |
| Собрание на РМ | **0** |
| **Вкупно:** | **52** |

| **5. Анонимни** | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **13** |

Исто така од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година констатирано е дека интензитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите го следи трендот од 2012 година. При ова треба да се има предвид дека во бројот на претставките евидентирани во Советот во извештајниот период значаен е бројот на претставки кои се доставени од страна на институции и судови до кои граѓаните и правните лица се обратиле истовремено и со иста претставка како и до Советот. Што значи дека е помал бројот на претставки по кои Советот ефективно постапувал и преземал активности во рамките на надлежноста утврдена со закон.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката. Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА
# ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2013 ГОДИНА

Во 2013 година во судската власт беа вработени 2.369 судски и државни службеници (состојба 31.12.2013 година). Вработените во судската администарција вршат стручни, управно надзорни, административно технички извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите, Судскиот совет на РМ и Академијата за судии и јавни обвинители.

Старосната, половата, образовната и националната структура на вработените е разнолика.

**Образовна структура**

| образование | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| ВСС | 632 | 26,68 |
| ССС | 1.549 | 65,39 |
| Основно образование | 188 | 7,93 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Полова структура**

| пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| Мажи | 917 | 38,71 |
| жени | 1.452 | 61,29 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Старосна структура**

| возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| 0-24 години | 13 | 0,55 |

| | | |
|---|---|---|
| 25-49 години | 1.325 | 55,93 |
| Постари од 50 години | 1031 | 43,52 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Национална структура**

| ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | |
| **СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | 1941 | 300 | 32 | 26 | 20 | 29 | 8 | 13 | 2369 |
| Процентуална застапеност | 81,93 | 12,66 | 1,35 | 1,10 | 0,84 | 1,22 | 0,34 | 0,56 | 100,00 |

## ВРАБОТУВАЊА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ВО 2013 година

Во текот на 2013 година во судската власт се реализираа 116 вработувања по разни основи и тоа: 32 извршители се преземаа од ЈП „Македонски Шуми“, 65 извршители се преземаа од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, 13 извршители се преземаа од Министерството за одбрана, 3 извршители се преземаа од Генералниот секретаријатот на Владата на Република Македонија и 3 вработени се вработија по објавени огласи за вработување (по добиена согласност од Министерството за финансии). Напоменуваме дека на почетокот на 2014 година се извршија дополнителни вработувања по согласност за обезбедени финансиски средства за вработувања во повеќе судови во Република Македонија.

И покрај тоа што во текот на 2013 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутен и во текот на 2013 година. Тоа се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.) Потребата од раководен кадар особено е нагласена со Измените на Законот за судска служба во делот на обврската за оценување на судските службеници два пати во текот на годината. При тоа најкритична е состојбата со ОС Скопје 1 и ОС Скопје 2 како најголеми

судови каде судскиот администратор врши оценување на повеќе стотина лица,

- потребниот стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.). Од извештаите на судовите за реализација на годишната програма за работа за 2013 година може да се забележат големи разслики во бројот на судската администрација во однос на бројот на судии и предмети во работа.

- стручни кадри од областа на односи со јавност, областа на човечките ресурси, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. Односно се работи за кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

*Напомена: На барање на СБС Министерството за финансии даде согласност за вработување на пет портпароли во судската власт, при што постапката за вработување заврши во текот на 2014 година.*

## БУЏЕТ НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО 2013 ГОДИНА

Согласно со Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ, издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Судскиот буџет содржи две програми:

- програма 20-судска администрација, која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност;
- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители, која ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Во 2013 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.818.371.000 денари. Од овие средства 1.769.399.000 денри се приходи од централниот Буџет на Република Македонија, 41.972.000 се сопствени приходи, 7.900.000 денари се однесуваат на приходи од донации а 100.000 самофинансирачки активности. Сопствените приходи се однесуваат на приходи остварени од наплата на судските паушали што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите.

Во текот на годината беше извршен ребаланс на буџетот на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.152 од 05.11.2013 година), беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

Структурата на средствата по категории е следната:

| Кат | назив | Основен буџет | % | Ребаланс на буџетот | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.521.124.000 | 85,97 | 1.512.524.000 | 85,87 |
| 42 | Стоки и услуги | 225.237.000 | 12,73 | 220.280.000 | 12,51 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 15.828.000 | 0,89 | 18.530.000 | 1,05 |
| 48 | Капитални расходи | 7.210.000 | 0,41 | 10.065.000 | 0,57 |
| | **ВКУПНО** | **1.769.399.000** | **100,00** | **1.761.399.000** | **100,00** |

***Табела: Структура на буџет судска власт за 2013 година по категории***

## РАСХОДИ ВО 2013 ГОДИНА

Расходите на судската власт за 2013 година се однесуваат на платите за вработените во судската власт, тековни трошоци за работењето на судовите, субвенции и трансфери и капитални расходи. Структурата на расходите за буџетската сметка по категории е следната:

| кат | назив | Конечна состојба | Структура % | Реализација | %Реализација/Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | **Плати и надоместоци** | **1.489.526.000** | 86,60 | **1.485.966.567** | **99,76** |
| 42 | **Стоки и услуги** | **239.310.032** | 11,84 | **236.606.066** | **98,87** |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | **22.497.968** | 1,15 | **22.458.281** | **99,82** |
| 48 | **Капитални расходи** | **10.065.000** | 0,41 | **10.040.507** | **99,76** |
| | **Вкупно** | **1.761.399.000** | **100,00** | **1.755.071.421** | **99,64** |

Структурата наприходите и расходите за сметката на сопствени извори по категории е следната:

| кат | назив | буџет | Структура % | Конечна состојба | Конечна реализација | **%Реализација/Буџет** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 42 | **Стоки и услуги** | 41.972.000 | 100 | 39.907.575 | 38.428.569 | 96,29 |
| 46 | **Субвенции и трансфери** | | | 2.064.425 | 2.064.425 | 100,00 |
| | Вкупно | 41.972.000 | 100,00 | 41.972.000 | 40.492.994 | 96,48 |

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија,како самостоен орган, своето финансиско работење го темели само и единствено врз средствата на Буџетот на Република Македонија. Советот, како единка корисник од втора линија, финансиските средства ги добива од Судскиот буџетски совет во рамките на судската власт.

Во календарската 2013 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 35.838.572,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2012 година во износ од 35.513.799,00, претставува идентичен износ на Буџетот односно искажан во проценти зголем за 0,0091%. Позабележително отстапувања е констатирано кај ставката за плати каде има зголемување во номинален износ од 1.073.656 денари за исплата на апанажа на поранешен член на Судаки совет, а пак намалувањето на потрошените средства за ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 634.166,00 денари и кај другите ставки, резултира со трошок на ист износ финансиски средства за фискалната година.

Бројот на вработени во текот на 2013 не бележи тренд на промени, со тоа што се исплаќа плата за 14 функционери, членови на Советот, од кои еден е на апанажа во текот на целата календарска година. Кај членовите на Советот настанаа персонални промени, бидејки се изврши избор во Собранието на Република Македонија на нови членови по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и кај член од редот на судиите,кои се со мандат од 6 години.

Во поглед на вработените во стручната служба не се реализирани нови вработувања во текот на годината.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судски совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 35.838.572,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење имајки ја во предвид рестриктивната буџетска политика и воопшто светските економски текови.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент од 88% се однесува на исплатени плати за вработените и обврските од плати, а трошоци за останатите потреби се сведени на минимум, имајки во предвид дека од страна на Советот, во текот на целата година, се објавуваат огласи за избор на судии,се сприоведе постапка за избор на член на Советот од редот на судиите, објавување на тендери за јавни набавки преку Бирото за јавни набавки, што повлекува и финансиски импликации.

| |
|---|
| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2013 година.** |
| |
| *О П И С Финансиски средства процент* |
| |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ **35.880.144,00 денари 100 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи **35.838.572,00 денари 99.88%** |
| 3. Добиени, а непотрошени средства во износ **41.572,00 денари 0.12**%, |

| |
|---|
| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** |
| 1. Основни плати и персонален данок 23.078.874,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување 8.536.083,00 денари |
| 3. Останати надоместоци 3.287,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци 31.618.244 ,00 денари** |




***Графички приказ на соодносот на потрошените финансиски средства за плати и надоместоци од плати во однос на сите останати трошоци за 2013 год.***

Освен плати и надоместоци од плати за што се исплатени финансиски средства во износ од 31.618.244,00 денари, другата група на трошоци претставува основа за функционирање на Советот, а се однесува на редовни и тековни трошоци за патни расходи, комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи, објавување на огласи за јавни набавки и избор на судии, разни трансвери, исплата по судски решенија и други трошоци.

Од табелата се гледа структурата на потрошените финансиски средства во апсолутен износ по расходни конта за делот стоки и услуги и разни трансвери.

**Табеларен преглед на оваа група на трошоци:**

| |
|---|
| **Потрошените средства по расходни конта:** |
| |
| **ставка План- одобрени реализација остаток** |
| |
| 1. Патни расходи,смес. сл.пат 14.000,00 13.000,00 1.000,00 |
| 2. Пошта,ел.енергија,парно др 2.850.000,00 2.837.492,00 12.508,00 |
| 3. Канцел материјал,списанија |
| средства за хигиена и др. 300.000,00 296.418,00 3.582,00 |
| 4. Поправка,одржување на |
| софтвер,возила и опрема 380.000,00 358.825,00 21.175,00 |
| 5. Договорни услуги-закуп 305.900,00 304.012,00 1.888,00 |
| 6.Др.тековни расходи ,репрез, |
| огласи за избор на судии 258.000,00 256.681,00 1.319,00 |
| 7.Судски решенија за СБС 154.000,00 153.900,00 100,00 |
| 8.привремени вработувања 0,00 0,00 0,00 |
| **Вкупно 4.261.900,00 4.220.328,00 41.572,00** |

Од презентираниот табеларен преглед може да се заклучи дека во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, освен делот кој се однесува на **платите и обврските од плата на вработените од околу 88%,** од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-Комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 2.836.373,00. Овој износ претставува околу 67,21% од преостанатите финансиски средства потрошени во годината во износ од 4.220.328,00 денари, од кои најголем дел се за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за избраните Членови кои се од внатрешноста.** Споредбено по расходни конта во однос на 2012 година во 2013 се забележува мало отстапување во однос на потрошените финансиски средства. Во апсолутен износ намалувањето е најголемо кај расходното конто **421-Комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 634.136,00 денари, сто резултира и во кумулативниот износ на реализацијата.

Од расходното конто 464-Разни трансвери, исплатена е сума во износ од 153.900,00, а се однесува за исплата на средства по решенија на Судски буџетски совет на досудени трошоци за повреда на правото на судење во разумен рок за странски државјани и исплатата се врши преку сметката на Судски совет како налогодавач-резидент. Така да овој износ од 153.900,00 се прикажува како трошок во буџетот на Судски совет иако не е направен за потребите на истиот, и е составен дел во износот на потрошени финансиски средства.

Значи, општа карактеристика за структурата на реализираниот Буџет во Судскиот совет на Република Македонија за 2013 година е што најголемиот дел од буџетските средства се за плати и придонеси од плати, а останатиот дел од средствата од околу 12% се однесуваат за севкупната активност на оваа институција.




***Графички приказ на реализацијата на буџетот за 2013 година во судскиот совет, по ставки***

Во текот на 2013 на категоријата 48-капитални расходи, согласно Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите, од страна на Судски совет беа потрошени минорни финансиски средства во износ од околу 30.000,00 денари.

На крајот на годината по извршениот попис на средствата и обврските констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 231.992,00 денари кои се однесуваат за трошоците во последниот месец од годината. Износот на обврските за електрична енергија е намален во износ од 314.000,00 ден., кои беа пренесени од претходниот период, а со спогодба за порамнување беа превземени од Елем-Електрани на Македонија АД Скопје во однос на

ЕВН Македонија, а во текот на 2013 во три еднакви рати беа исплатени, во месеците кога за тоа имаше финансиски средства.

Значи, во текот на 2013 година Судскиот совет, располагаше со ист износ на финансиски средства како и во 2012, и покрај тоа што се вршеше исплата на апанажа на поранешен член во износ над 1.000.000,00 денари, знаци фактички имаше 14 функционери, но затоа пак ги намали трошоците за стоки и услуги и на тој начин се вклопу во севкупниот амбиент на буџетската стратегија, кога особено треба да биде нагласена потребата од домаќинско, одговорно и транспарентно трошење на средствата од Буџетот на Република Македонија.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во текот на 2013 година Судскиот совет ја продолжи успешната соработка со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока се продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување корупција, Анти-корупциската комисија и други институции во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерството за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, со цел за правилно одлучување по истата.

Не помалку значајна е и соработката со Министерството за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба, домашни и меѓународни организации и сродни институции, донатори (УСАИД, Европската комисија, Светска банка, итн), во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Судскиот совет.

Особено треба да се нагласи соработката на Судскиот совет на Република Македонија со Академијата на судии и јавни обвинители, како и со Советот за јавни обвинители. Соработката со овие две институции произлегува поради реализација на приоритетите предвидени со програмата на Владата на Република Македонија – НПАА. Оттука, Судскиот совет на Република Македонија во координација со Академијата за судии и јавни обвинители и Советот на јавните обвинители на Република Македонија, продолжија со активности во насока на избор на кандидатите за судии и јавни обвинители кои ја завршиле Академијата.

Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судиите е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација преку поврзување на базата на податоци за судиите од двете

институции, како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Воедно од страна на членовите на Судскиот совет се продолжи и со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и во рамките на надлежностите потоа беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Целта на овие активности е да се придонесе за зголемување на довербата на граѓаните кон судската власт, зголемување на личната мотивација на судиите, овозможување понатамошен професионален развој, обезбедување јавност и транспарентност во одлучувањето, што се заедно придонесува за зголемување на независноста и самостојноста на судската власт и потврда на деполитизацијата на судството со акцент само кон лица и судии кои поседуваат високостручни и професионални квалитети согласно со законот.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализацијата на активностите од надлежност на Советот, како и градење професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

Една од основните определби на Судскиот совет на РМ во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата Судскиот совет на РМ продолжува со своите активности со тоа што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможи јавните седници на Советот непречено да ги следат и претставници на медиумите и други релевантни институции.

Судскиот совет на Република Македонија обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Судскиот совет за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Судскиот совет на РМ, во рамки на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Македонија да бидат навремено и точно запознати и информирани за сите активности што ги презема. Притоа Советот, во изминатиот период, беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на Претседателот на советот, учество на голем број прес - конференции, давање на бројни изјави, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Една од заложбите на Судскиот совет е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Заложба на Судскиот совет е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи на Судскиот совет во јавноста.

Во текот на извештајниот период во целост се остварени приоритетите поставени во Програмата за работа на Советот и Стратешкиот план на Судскиот совет, донесени и усвоени врз основа на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и препораките во Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија.

Заради обезбедување на континуитет во планирањето и спроведување на приоритетите Судскиот совет на РМ во текот на 2013 година започна со подготовка на Стратешкиот план на судската власт за периодот 2014-2016 г. Со тоа се заокружува вториот процес на стратешко планирање за судската власт во Република Македонија. Поаѓајќи од стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за интеграција на Република Македонија во Европската унија и НАТО, како и препораките содржани во извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, како и од направените анализи за потребите и предизвиците со кои се соочуваат институциите на судската власт во РМ, во овој стратешки план на судската власт се дефинирани следниве четири стратешки цели:

- Зголемување на ефикасноста на судовите и јакнење на довербата на јавноста;
- Обезбедување и гарантирање на независноста на судството во РМ;

- Обезбедување на задоволително ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на судската власт во РМ и
- Контиуранo унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската администрација во РМ.

За секоја стратешка цел се утврдени мерки и активности, со чија реализација во претспојниот период ќе се унапреди функционирањето на судската власт во Република Македонија, а првенствено во делот на воспоставувањето на владеењето на правото и правната држава.

Во подготовката на овој стратешки план учествуваа претставници на институциите на судската власт, како и претставници на засегнатите страни кои работат во обласа на судството од извршната власт, граѓанскиот сектор, како и од меѓународните институуци и програми во земјта. Стратешкиот план ги потенцира заложбите на судската власт за пристап до правдата и квалитетни услуги за сите граѓани на Република Македонија.

Стратешкиот план заедно со планот за буџетот за судската власт претставуваат интегрален дел од системот на планирање и буџетирање. При тоа стратешките приоритети и цели ги вклучуваат независното донесување на судски одлуки, примена на модерни и иновативни судски постапки, исклучителни технолошки подобрувања во работењето, и конечно, одговорност при трошењето со буџетските средства. Планот ја афирмира важноста на јавното мислење, ефективното споделување на информации, како и достапност на јавноста за тоа што го работат судовите.

Главен стремеж на судската власт на РМ а со тоа и на Судскиот совет како челна институција на судската власт и во иднина е воспоставување на независно, непристрасно и професионално судство. Целта е РМ да има независно и ефикасно судство во кое граѓанинот има полна доверба кога се во прашање заштитата на човековите права и слободи.

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување на владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем, во

текот на извештајната година претседателот и членовите на Судскиот совет оствариja голем број средби со претставници на меѓународната заедница. Воедно се залагаа за развој на меѓународната и регионалната соработка преку остварување на неколку студиски посети преку кои се воспостави директна соработка и компаративни согледувања со претставниците на судските совети во други држави, по однос на размена на искуства на теми за изборот и унапредувањето на судиите, постапката и начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите, критериумите и методологијата на оценување, дисциплинската одговорност на судиите, зајакнувањето на капацитетите на судската администрација, финансирањето и менаџирањето во судството и многу други прашања од интерес за судството.

Во последните извештаи на Европската комисија е утврден сериозен напредок во судството, што за нас е охрабрување. Фактот што ни беше укажано, како земја кандидат за членство во Европската унија, дека досега завршените работи се ценат, ќе значи ново значително охрабрување да продолжиме и со останатите стратегии и активности.

Судскиот совет на Република Македонија преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите се грижи за обезбедување на ефикасно, независно и самостојно судство, како услов и основа за остварување на темелните вредности на уставниот поредок и на меѓународното право во делот на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, гарантирање еднаков пристап до правдата, брзи и ефикасни постапки, унапредување на работата на судовите и судската практика, зајакнување на финансиската независност на судската власт, почитувањето на професионалната етика, а се со цел остварување на европските стандарди по однос надлежноста, самостојноста и независноста на судската власт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Александра Зафировска**